# МОДЕМ

МОНИТОРИНГ НА ДЕМОКРАТИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА

## Извештај од следењето на политичкиот плурализам во централните телевизиски вести

Период: 10 дена (16 – 27 јануари 2017)

## 1 Провладините приватни телевизии известуваа најчесто за проектите на власта и за така наречениот процес на десоросоизацијата. Телевизиите со критички однос кон власта фокусот го ставаа на актуелните настани и на опсервирање на институциите. Јавниот сервис пренесуваше информации за сите актуелни настани, но без аналитички и критички ангажман.

Иако новата влада не беше формирана, а постојната имаше само технички мандат, провладините телевизии засилено известуваа за проектите и мерките на власта, сугерирајќи и' со тоа на публиката дека ВМРО-ДПМНЕ 'заслужува' и натаму да остане на власт.




Телевизиите кои имаат критички однос кон власта, нагласувајќи го јавниот интерес, најмногу известуваа за актуелните настани во јануари (преговорите за новата влада, работата на СЈО) и продолжија да ги отвараат проблемте со кои се соочуваат граѓаните (загадувањето, справувањето со снегот, извештаите за корупција).




МТВ1 и МТВ2 информираа за сите актуелно-политички настани, но најчесто не навлегуваа во анализи и не се ангажираа во критичко опсервирање на настаните, од агол на јавниот интерес.




## 2 Кај провладините телевизии имаше видлив дисбаланс во полза на ВМРО-ДПМНЕ: 421 прилог за ВМРО ДПМНЕ и 266 прилози за СДСМ. Во голем број од овие прилози беше нагласен фаворизирачки став кон ВМРО-ДПМНЕ, а демонизирачки кон СДСМ.

### ФРЕКВЕНЦИЈА И НАЧИН НА ВРАМУВАЊЕ НА СДСМ ОД ЧЕТИРИТЕ ПРОВЛАДИНИ ТЕЛЕВИЗИИ




### ФРЕКВЕНЦИЈА И НАЧИН НА ВРАМУВАЊЕ НА ВМРО-ДПМНЕ ОД ЧЕТИРИТЕ ПРОВЛАДИНИ ТЕЛЕВИЗИИ




За целиот Извештај на Институтот за комуникациски студии кликнете овде

Проектот е поддржан од амбасадата Британската амбасада во Република Македонија

British Embassy Skopje

Подготовката на оваа публикација беше овозможена со поддршка од Британска амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа публикација не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската амбасада

ИНСТИТУТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ